Министерство за образование и наука
Република Македонија

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 20.01.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 54/1 | | |

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
____ 20 __ год.
Потпис, ____


Министерство за образование и наука

Одделение за ученички и студентски стандард

Бр. 08-1963-7/2-14
09.01.2015 год.

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул. Македонија бр. 12/3
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ: Известување по Нацрт Извештај бр. 09-367/8 од 10.12.2014 година**

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт Извештај на овластениот државен ревизор бр. 09-367/8 од 10.12.2014 година, Министерството за образование и наука во однос на дадените препораки согласно ревизорските наоди Ве известува за следното:

1. Во текот на 2015 година Министерството планира да се превземат активности за изработка на анализа заради утврдување на реалната состојба на студентските домови во Република Македонија;
2. Активностите за донесување на преостанатите подзаконски акти согласно Законот за студентскиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/13, 120/13 и 41/14) ќе се реализираат;
3. Активностите за воспоставување на Регистер за студентските домови ќе се заврши, по извршување на процесот на верификација на дејноста на домовите и истиот ќе ви се достави на увид. За таа цел, Министерството побара од студентските домови да достават имотни листови за недвижностите-објекти во кои се реализира дејноста Во прилог на дописот Ви доставуваме копии од одговорите доставени од студентските домови;
4. До крајот на месец јануари 2015 година ќе се достават известувања до сите студентски домови за планираните средства од Програмата за остварување и развој на дејноста во студентски стандард за 2015 година и истите ќе ви се достават на увид;
5. Сите барања за вработување/пополнување на испразнетите работни места согласно нормативите и стандардите за опремата за 2014 година беа доставени до Министерството за финансии, но истите се одбиени со образложение дека има времена забрана за нови вработувања во државната администрација и јавниот сектор, вклучувајќи и

[redacted]

трајно испразнетите работни места. Во прилог на дописот Ви доставуваме копии од одговорите од Министерството за финансии;

6. Пред распишувањето на новиот конкурс за прием на студенти во студентските домови за студиската 2015/2016 година Министерството заедно со студентските домови ќе превземе мерки и активности за дефинирање и унифицирање на начинот на обезбедување на исплатата на партиципацијата;
7. Согласно одобрените финансиски средства со Буџетот за 2015 година и Програмата за остварување и развој на дејноста во студентски стандард за 2015 година е утврдена цената за сместување и исхрана во студентските домови. Со формирање на комисија ќе се утврди и донесе цена за поголема функционалност и подобрување на условите во студентските домови;
8. Во текот на 2015 година Министерството во соработка со студентските домови ќе превземе мерки и активности за унифицирање, пропишување и дефинирање на трошоците за културно забавен живот, административна и општа штета;
9. До крајот на 2014 година решен е скоро во целост проблемот со раселените лица;
10. Во текот на 2015 година Министерството во соработка со студентските домови ќе превземе мерки и активности за унифицирање на целокупната подзаконска регулатива;
11. Во набавките за 2015 година, Министерството планира покрај изработката на нов софтвер за стипендиите да се изготви и софтвер за реализација на партиципацијата нза сместување и исхрана на студентите, со кој би се воспоставила евиденција на студентите кои се сместени во домовите;
12. Министерството ќе го задолжи Одделението за инвестиции по завршување на проектите за изградба, реконструкција, санација да ја доставува целокупната документација до студентските домови за кои е извршена градбата.

Со почит,

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Изготвил: С. Лузевска